## Ризик од промена на трошоци на живот

**Показатели:**

**1.Годишна стапка на инфлација**
**2.Соодносна СЕ и индекс на трошоци на живот**
**3.Реална стапка на принос на зпф (претходни 12 месеци)**
**2.Реална стапка на принос на зпф (претходни 84 месеци)**

| | |
|---|---|
| Датум | 31.12.2024 |
| Годишна стапка на инфлација (во %) | 4.38 |
| Соодносна СЕ и индекс на трошоци на живот | 1.36 |
| Годишна стапка на принос (во %) (претходни 12 месеци) | 3.83 |
| Годишна стапка на принос (во %) (претходни 84 месеци) | 0.16 |

Годишната инфлација на 31.12.2024 година бележи зголемување во однос на 31.12.2024 година и изнесува 4,38%, со што се зголемува влијанието врз инвестициските резултати на задолжителните пензиски фондови. Соодносот на сметководствената единица и индексот на трошоци на живот, после зголемувањето од 2021 година, во втората половина на 2024 година повторно почнува да се расте и на 31.12.2024 година изнесува 1,36. Потоа на 31.12.2024 година, и покрај зголемувањето на инфлацијата, се забележува позитивен краткорочен принос во реален износ (3,83%, за претходни 12 месеци) скоро на исто ниво како и на 30.06.2024 година што најмногу се должи на зголемувањето на приносот во номинален износ. Кај долгорочниот принос во реален износ се забележуваат помали осцилации во однос на краткорочниот. Од јуни 2023 година приносот е помал од 2% со тренд на намалување во следните квартали, којшто продожува и во втората половина на 2024 година и на 31.12.2024 година изнесува 0,16%. Износот на долгорочниот принос е сè уште далеку под очекуваното минимално ниво на заштита од инфлација. Македонските пензиски фондови сè уште се во фаза на акумулација, па се очекуваат добри инвестициски резултати во иднина кои ќе ги надоместат неповолните резултати.













**Методологија и податоци:**

За оценка на овој ризик Агенцијата усвои четири параметри: движење на годишната стапка на инфлација, движење на сметководствената единица во однос на индексот на трошоци на живот, годишна реална стапка на принос (претходни 12 месеци) - краткорочен принос и годишна реална стапка на принос (претходни 84 месеци) - долгорочен принос. Движењата на сметководствената единица и индексот на трошоци на живот и се прикажани преку промената на индексите/единиците во однос на почетен индекс еднаков на 100, на 31.12.2010 година. Годишната реална стапка на принос се пресметува врз основа на историски податоци на пондерираната сметководствената единица за сите задолжителни пензиски фондови и историски податоци за инфлацијата за соодветниот период.